РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-318/7

05-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-та седница одржано на ден 31.03.2023 година ја донесе следната

О д л у к а

Постапката по предметот број 12-9629/1 од 20.11.2022 година година оформен по наводи за незаконски детален урбанистички план во Општина ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај се постапува од страна на други надлежни органи и преземени се дејствија во нивна надлежност.

Предметот со број 12-9629/1 од 20.11.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на 19.12.2022 година на електонроска адреса на ДКСК доставена е пријава по која е оформан предмет број 12-9629/1 од 20.11.2022 година, со наводи за незаконски детален урбанистички план за градска четврт ---------- во Општина ---------, кој се изготвувал заедно со приватна планерска куќа, конкретно на парцела на која се наоѓал објект познат како ---------- во ----------, а кој објект не можел да биде срушен од причина што истиот бил привремено заштитен и претставувал културно наследство.

Во пријавата се наведува дека Општина --------- заедно со приватна планерска куќа изготвува предлог ДУП кој е нелегален, конкретно на парцела каде се наоѓал напуштен бруталистички објект познат како „---------" во ---------- предвидуваат зграда иако објектот е заштитен и претставува културно наследство односно истиот не може да биде срушен. Исто така, се наведува и дека Општината уредно била известена од НУ Конзерваторски Центар Скопје дека објектот е заштитен но и покрај тоа постапката за носење на ДУПот не била запрена, а помината била и јавна анкета.

Од извршени проверки, ДКСК констатира дека за предметниот случај има објави и во медиумите како и новинарско истражување како дел од проектот „Градот како сцена (изгубени модернистички утопии)"во режија на ------- ----------, чиј перформанс бил прикажан во рамките на 47-то издание на Млад отворен театар, МОТ. Од наведеното новинарско истражување ДКСК дојде до сознанија дека за предметниот објект имало и судски процес за утврдување на вистинскиот сопственик кој бил воден помеѓу општина --------- и Социјалистичката партија на Македонија (СПМ) и кој завршил во полза на СПМ но, поради нереализираните планирани активности во 2022 година започнал нов судски процес, кој бил се уште е во тек, а во кој СПМ барале 3,5 милиони евра отштета од општината поради парите кои ги платиле за комуналии но и висока отштета за наводно претрпени загуби.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на утврдување на фактичка состојба за предметниот случај, ДКСК достави барања до НУ Конзерваторски Центар Скопје, Општина -------- и до Управата за заштита на културно наследство. По барањата се добиени известувања и по извршениот увид во истите констатирано е следново:

1) Оправданоста и потребата за ставање под заштита на предметниот објект била констатирана од страна на стручните лица во НУ Конзерваторски центар - Скопје, како резултат на континуираните истражувачки работи во рамките на законски утврдената надлежност.

За предметното добро била отпочната постапка за валоризација со формирање на мултидисциплинарен Стручен тим за изработка на Елаборат за валоризација на "--------" во Населба "----------" во Скопје, формиран со Решение на директорот од 07.02.2022 година. Стручниот тим имал за задача да го изработи Елаборатот за валоризација на предметниот објект, согласно Правилникот за критериумите, условите и начинот на вршење на валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, содржината на елаборатите и начинот на обезбедување на ревизијата, а елаборатот за валоризација требало да се изработи најдоцна до 31.12.2023 година. Со отпочнувањето на постапката за валоризација на објектот, тој имал статус на привремено заштитено добро врз основа на член 38 од Законот за заштита на културното наследство како добро за кое била поведена поведена постапка за воспоставување на заштитата, до донесување на актот за заштита.

НУ Конзерваторски центар - Скопје доставил до Општината ------- известување од 07.06.2022 година, дека во предметното подрачје на опфат има културно наследство, поради што треба да се изработат Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за "Градска четврт ----------", Општина ---------, Скопје, а копија од ова известувањет било доставен на запонавање и до Министерството за култура. Исто така, НУ доставила известување и до Управата за заштита на културното наследство, дека предметниот план не треба да биде одобрен без Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство. НУ Конзерваторски центар - Скопје немал отпочнато изработка на заштитно-конзерваторските основи, од причина што до нив не било доставено барање за изработка на истите и поради тоа што дека изработката на основи не се врши по сопствена иницијатива на институцијата туку врз основа на барање од страна на општината, како доносител на планот или планерската куќа, како изготвувач на планот.

Во моментот била во тек изработката на Елаборатот за валоризација на "------" во Населба "----------" во Скопје, а по изработката на елаборатот, истиот треба да биде доставен до Управата за заштита на културното наследство и на истиот треба да изврши ревизија Комисија формирана од Управата. НУ Конзерваторски центар - Скопје треба да постапи согласно забелешките од Извештајот од ревизијата (доколку. ги има), да изработи Предлог за донесување акт за прогласување значајно културно наследство и да го достави до Управата, која понатаму прибавува мислења од надлежни субјекти и го донесува Решението за прогласување значајно културно наследство што значи дека Актот за заштита на добро, не го носи НУ Конзерваторски центар - Скопје туку Управата за заштита на културното наследство.

2) Предлог Деталниот урбанистички план за предметната Градска четврт општина ------ – Скопје, бил изработен почитувајќи ги плановите од повисок ранг како што се: Извод од ГУП на Град Скопје, Општи и посебни услови за просторен развој, Плански период 2012-2022 год., за Градска четврт ----, Извод од РП на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Градска четврт -----, блокови 05, 06, 09, 11, Плански период 2018-2022. Планот бил изработен и врз добиени податоци и информации од органите на државна управа, а во согласност со член од Законот за просторно и урбанистичко планирање ,вклучително и допис од Управата за заштита на културно наследство при Министерството за Култура, допис од 10.07.2020 година, каде меѓудругото било наведено дека не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се

претпоставува дека се културно наследство. Врз основа на овој допис, како и другата содржина на планот, одлучено било да се продолжи со постапката на изработка и носење на деталниот урбанистички план.

По разгледување на планот од страна на Комисијата за урбанизам на општината, планот добил позитивно мислење од 27.09.2021 година но, заради промената на составот на Советот, како и изборот на нов градоначалник во меѓувреме, а во интерес на информирање на граѓаните за процесите на планирање во општината, планот не бил пуштен на јавна анкета и презентација, што било законски утврдениот тек, туку било пристапено кон презентирање на содржината на планот пред Советот на општина --------. Презентации од страна на изработувачите на планот, пред Советот биле одржани во три наврата, во Декември 2021 година, Април 2022 и Мај 2022 година, со цел да се анкетираат советниците и забелешките за планските решенија се вградат во планот, а за новата Комисија за урбанизам на општината да може да донесе поинформирана одлука. Соодветно на ова, а по корекции на забелешките, предметниот план добил ново позитивно мислење од комисијата за урбанизам од 24.11.2022 година.

По добивањето на позитивно мислење врз основа на член 33 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) за Деталниот урбанистички план, била организирана Јавна презентација и Јавна анкета, врз основа на член 35 од истоимениот Закон.

Од изработувачот на планската документација, фирмата -------- --------- од ----------, било побарано да се обрати до Управата за заштита на културно наследство при Министерството за Култура, што било сторено со барање на мислења по планот до сите институции, вклучително и Управата, која е надлежна да се произнесе за содржината на планот, со допис од 07.09.2022 година, во постапка преку е-урбанизам --------- . Врз основа на ова, Управата за заштита на културно наследство се произнела со позитивно мислење по планот, од 07.10.2022 година, во кое експлицитно се наведува дека "од аспект на заштита на кутлтурното наследство, постапката за усвојување на планот, може да продолжи". Како резултат на добиените позитивни мислења од сите институции, Комисијата одлучила да го изложи планот на јавна анкета и презентација, со цел повторно да се изврши анкетирање на граѓаните и на засегнатите органи на државна и локална управа. За време на јавната анкета, повторно е побарано мислење од Министерство за култура како и Управа за заштита на културно наследство.

По завршувањето на јавната анкета за наведениот план, а имајќи ја во предвид комплексноста на планскиот опфат, како и фактот дека било издадедено позитивно мислење по однос на планското решение од страна на Управата за заштита на културно наследство при Министерството за Култура, која е надлежна да се произнесе за содржината на планот од 07.10.2022 година, Општина --------, повторно се обратила со допис од 31.01.2023 до горенаведената надлежна институција, со цел да се дадат насоки за понатамошниот тек на постапката.

3) Управата за заштита на културно наследство, при издавањето на мислењето од 07.10.2022 година, доставено до изработувачот на планската документација - фирмата „--------" ДООЕЛ ----------, постапила според постојната документација за предметниот опфат и според Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за предметното подрачје и донела Заклучок за тоа кои се заштитени добра во горенаведениот опфат.

Во барањето од приватната планерска куќа од 07.09.2022 година, биле наведени општите и посебни мерки за заштита пропишани во Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за подрачје на опфат на ДУП за -------, општина --------- изработени од НУ Конзеваторски центар - Скопје кој се однесувале на заштитените добра наведени во донесениот Заклучок. До Управата за заштита на културното наследство не биле доставени Заштитно-конзерваторски основи за опфатот за ДУП за ------, ---------- од надлежната установа НУ Конзерваторски центар-Скопје, по кој што би можеле да постапат.

Во постојната документација со која располагала Управата не постоел објект „-------" со статус на заштитено добро или привремено заштитено добро.

Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК утврди дека во врска со сите предметни наводи во доставената пријава се постапува од страна на други надлежни органи и преземени се дејствија во нивна надлежност, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Катица Николовска

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : С.П.Д., Член на ДКСК